1939
Službeni vesnik N

СЛУЖБ СТ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија број 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 6 февруари 1963
БЕЛГРАД
БРОЈ 5 ГОД. XIX

Цена на овој број е 60.— дин. — Претплата за 1963 година износува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

63.

Врз основа на чл. 5, 97, 107, 121, 123 и 124 од Уредбата за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/61, 53/61, 30/62 и 42/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА НОРМИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ЗА 1963 ГОДИНА

1. Данокот на доход од земјоделство ќе се обложува по следните норми:

На даночните основици над динари	до динари	Се плаќа данок по норма од
	30.000	9%
30.000	50.000	10%
50.000	80.000	11%
80.000	120.000	12%
120.000	160.000	14%
160.000	200.000	16%
200.000	250.000	18%
250.000	300.000	20%
300.000	400.000	22%
400.000	500.000	24%
500.000	600.000	27%
600.000	700.000	30%
700.000	800.000	35%
800.000		40%

2. Данокот на доход од згради се плаќа по норма од 50%.

3. Данокот на доход од самостојни занимања и од друг имот, освен за приходите од адвокатска дејност, ќе се обложува по следните норми:

На даночната основица над динари	до динари	Се плаќа на име данок			
	100.000	12%	од износот		
100.000	200.000	12.000 + 14%	над	100.000	динари
200.000	300.000	26.000 + 16%	„	200.000	„
300.000	400.000	42.000 + 19%	„	300.000	„
400.000	500.000	61.000 + 23%	„	400.000	„
500.000	600.000	84.000 + 28%	„	500.000	„
600.000	700.000	112.000 + 33%	„	600.000	„
700.000	800.000	145.000 + 38%	„	700.000	„
800.000	900.000	183.000 + 43%	„	800.000	„
900.000	1,000.000	226.000 + 49%	„	900.000	„
1,000.000	1,200.000	275.000 + 55%	„	1,000.000	„
1,200.000	1,500.000	385.000 + 61%	„	1,200.000	„
1,500.000	2,000.000	568.000 + 67%	„	1,500.000	„
2,000.000		903.000 + 70%	„	2,000.000	„

Се овластуваат републичките извршни совети да можат да донесат прописи врз основа на кои обложениот данок на доход по нормите од ставот 1 на оваа точка се намалува најмногу до 20% за определени услужни занаетчиски дуќани. Ова овластување можат републичките извршни совети да го пренесат врз општинските народни одбори.

На приходите од вршење адвокатска дејност данокот на доход ќе се обложува по норма од 15%, без оглед на износот на остварениот приход.

Покрај данокот од ставот 3 на оваа точка, на приходите од адвокатска дејност остварени над годишниот износ од 700.000 динари ќе се обложува данок по следните норми:

Ако годишниот приход над 700 000 динари износува над динари	до динари	Се пресметува и се плаќа на име данок				
	250.000	5% на ви-				
250.000	500.000	12.500 + 10%	шокот	250.000	до 500.000	дин.
500.000	750.000	37.500 + 15%	над	500.000	„ 750.000	„
750.000	1,000.000	75.000 + 20%	„	750.000	„ 1,000.000	„
1,000.000	1,250.000	125.000 + 25%	„	1,000.000	„ 1,250.000	„
1,250.000	1,500.000	187.500 + 30%	„	1,250.000	„ 1,500.000	„
1,500.000	2,000 000	262.500 + 35%	„	1,500.000	„ 2,000.000	„
2,000.000	2,500.000	437.500 + 40%	„	2,000.000	„ 2,500.000	„
2,500.000	3,000 000	637.500 + 45%	„	2,500.000	„ 3,000.000	„
3,000.000	4,000.000	862.500 + 55%	„	3,000.000	„ 4,000.000	„
4,000.000	5,000 000	1,412.500 + 65%	„	4,000.000	„ 5,000.000	„
5,000.000		2.062.500 + 70%	„	5,000.000	„	

4. Данокот на доход во постојан износ ќе се наплатува од носачите, бичкиите, уличните продавачи на веснци, лозови и други производи, од чистачите на обувки без постојано деловно место (локал), од занаетчиите и од други лица што се занимаваат со вршење услуги без постојано деловно место (локал), како и од други лица што се занимаваат со слични работи употребувајќи претежно сопствена телесна сила, ако тие работи не се вршат во повремен или привремен работен однос.

Височината на данокот на доход во постојан износ по категориите на даночните обврзници ја определува општинскиот народен одбор. За градовите поделени на општини височината на данокот на доход во постојан износ ја определува околискиот народен одбор.

Даночните обврзници што плаќаат данок во постојан износ, не плаќаат данок на промет.

Данокот на доход во постојан износ што го плаќаат лицата социјално осигурени по основот на сегашниот или поранешниот работен однос и лицата што остварува приходи изедначени со личните доходи од работен однос, не влијае врз нивните права по основот на социјалното осигурување (право на додаток на деца и други права).

5. Данокот на доход од бруто приходот се плаќа:

1) на приходите од добивките при обложувања и други игри на среќа, освен од добивките по лозовите на Југословенската лотарија и добивките од спортската прогноза и лотото што ги организира Југословенската лотарија — по норма од 15%;

2) на приходите од добивките по лозовите на Југословенската лотарија и добивките од спортската прогноза и лотото што ги организира Југословенската лотарија — по норма од 10%;

3) на приходите на застапниците на Југословенската лотарија од продажбата на лозови и уплатата на спортска прогноза, како и на приходите на граѓаните што не се застапници на Југословенската лотарија од продажбата на лозови од други приредувачи на лотарија — по норма од 15%;

4) на приходите на доверениците за осигурување на осигурителен завод кои со тој завод не се во работен однос — по норма од 15%;

5) на провизиите на застапниците на установа за заштита на авторските мали права кои со таа установа не се во работен однос — по норма од 15%;

6) на приходите што ќе ги остварат граѓани вршејќи му нотографски услуги на Сојузот на компо-

зиторите на Југославија, ако со тој Сојуз не се во работен однос — по норма од 15%;

7) на приходите од провизиите на деловните агенти и доверениците на издавачките претпријатија што ќе ги остварат тие со продажба на книги, списанија и други публикации на тие претпријатија, ако тие агенти и довереници не се во работен однос со издавачките претпријатија — по норма од 15%, а на провизиите што ќе ги остварат тие лица од собирање на огласи за објавување во книги, списанија и други публикации на издавачките претпријатија — по норма од 25%;

8) на приходите од провизиите на ревизорите на весници што ќе ги остварат тие со продажба на весници во локалите (киосците) за сметка на новинските претпријатија, новинските установи или новинските агенции, ако тие ревизори се занимаваат само со продажба на весници и ако не се во работен однос со односните претпријатија, установи или агенции — по норма од 15%;

9) на приходите на транспортните и крајбрежните работници, како и на приходите на други лица што им вршат натоварување, истоварување и пренесување на стоки, употребувајќи претежно сопствена телесна сила, на стопанските, општествените и други организации, државните органи, установите и самостојните установи, ако не се во работен однос со тие организации, органи и установи и ако не плаќаат данок во постојан (фиксен) износ — по норма од 15%;

10) на приходите од превозничка дејност како споредна дејност во земјоделството, остварени од државни органи и установи, самостојни установи, стопански, задружни и општествени организации или од приватни лица кои се должни да водат деловни книги — по норма од 30%;

11) на приходите од превозничка дејност како споредна дејност во земјоделството, остварени исклучиво од превоз на млеко за сметка на стопански и задружни организации — по норма од 10%;

12) на приходите што ги остваруваат земјоделските домаќинства од државни органи и установи, самостојни установи, стопански, задружни и општествени организации, кога пренесуваат дрва или друг материјал на товарни коњи, магариња и маски по шумски патишта, прокопи или усеци — по норма од 20%;

13) на приходите што ги остваруваат собирачите на отпадоци со продавање отпадоците на стопански организации со кои не се во работен однос — по норма од 10%;

14) на приходите од работа на парче (работа на „сиц") дома кај работниците, што ќе ги остварат тие работници од стопански, општествени и други организации, државни органи, установи и самостојни установи, со кои не се во работен однос — по норма од 20%;

15) на приходите остварени од патувачки забавни дукани и од давање приредби — по норма од 20%;

16) на приходите што ќе ги остварат граѓани со повремено вршење други услуги на државни органи, установи и самостојни установи, стопански, задружни и општествени организации и на згради под општествено управување, ако со таквото вршење на услуги според прописите за работните односи не се засновува работен однос и ако на таквите приходи не се плаќа данок по даночна пријава обложен според годишниот приход или фиксниот износ — по норма од 15%.

На приходите на кои конечно се пресметува и се плаќа данок на доход во процент од прометот или бруто приходот според одредбите од оваа точка, не се плаќа данок на промет, освен на приходите остварени од патувачки забавни дукани и од давање приредби.

При пресметувањето на данокот на доход на приходите остварени од патувачки забавни дукани и од давање приредби, даночната основица се намалува за соодветниот износ на данокот на промет.

Данокот на доход кој конечно се пресметува и се наплатува во процент од бруто приходот според одредбите од оваа точка, не влијае врз стекнувањето и губењето на правата што зависат од височината на данокот на доход.

6. Данокот на доход на повремените приходи и на приходите што не биле оданочени во поранешните години (чл. 96 и 128 од Уредбата за данокот на доход) се плаќа:

На даночната основица		По норма од
до	50.000 динари	30%
„	100.000 „	35%
„	200.000 „	40%
„	300.000 „	45%
„	400.000 „	50%
„	600.000 „	55%
„	800.000 „	60%
„	1,000.000 „	65%
над	1,000.000 „	70%

7. Данокот на употреба на туѓа работна сила се плаќа по норма од 4% по еден работник за една година.

8. Данокот на доход според фактичната даночна основица не може да биде поголем од данокот по најблиската пониска даночна норма применета врз нејзината највисока основица наголемен со разликата помеѓу фактичната даночна основица и највисоката основица врз која се применува најблиската пониска даночна норма.

9. Оваа одлука ќе се применува на приходите подложни на данокот на доход остварени во 1963 година.

10. Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите да донесе, по потреба, пропис за определување на акантациите на данокот на доход за 1963 година, како и за облогот со данок за 1962 година на даночните обврзници на кои данокот им се обложува по истекот на годината.

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 27
22 јануари 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува секретарот,
Зоран Полич, с. р.

Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

64.

Врз основа на точката 9 од главата XII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРОЦЕНТИТЕ НА УЧЕСТВОТО НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ВО ТРОШОЦИТЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

1. Учеството на Општиот инвестиционен фонд во трошоците на инвестициите по кредитите одобрени до 31 декември 1962 година за инвестициите чие финансирање се продолжува од средствата на Општиот инвестиционен фонд, според одредбите на Сојузниот општествен план за 1963 година изнесува кај:

1) хидроелектраните	90%
2) термоелектраните	70%
3) топланите	50%
4) далноводите и трафостаниците од 220 kV	70%
5) далноводите и трафостаниците од 110 kV	20%

6) објектите за производство на јаглен и кокс 80%
7) објектите за производство и преработка на нафта 65%
8) рудниците на железна руда 80%
9) објектите на црната металургија 65%
10) новите железарници (без досегашното производство) 85%
11) објектите на обоената металургија — најмногу 65%
12) хемиската индустрија — најмногу 65%
13) индустријата на целулоза, дрвесина и хартија — најмногу 65%

Процентите од ставот 1 на оваа точка се однесуваат на учеството на Општиот инвестиционен фонд по кредитите одобрени за основни и обртни средства.

2. Поблиски прописи за споредување на оваа одлука донесува, по потреба, сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

Р. п. бр. 23
22 јануари 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
Вељко Зековиќ, с. р.

Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

65.

Врз основа на членот 79 од Уставниот закон, чл. 11 и 23 од Законот за национализација на приватните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 98/46 и 35/48) и членот 11 став 3 од Уредбата за постапката за процена вредноста и утврдување накнадата за национализираниот имот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 98/47), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИСПЛАТА НА АКОНТАЦИЈА НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА НАЦИОНАЛИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. На поранешните сопственици на претпријатија национализирани според Законот за национализација на приватните стопански претпријатија што се без средства за издржување, а се неспособни за работа (во понатамошниот текст: поранешниот сопственик) може да им се определи аконтација на име надоместок за национализираниот имот во износ до 15.000 динари месечно.

По исклучок, во одделни оправдани случаи (тешка болест, особено тешки материјални околности на поранешниот сопственик, потреба од туѓа нега и слично) може да се определи аконтација во износ до 25.000 динари месечно.

Аконтација може да се определи само ако национализираното претпријатие имало актива поголема од пасивата.

2. Како аконтација на име надоместок за национализираниот имот може да се одобри и исплата на трошоците за лекување на поранешниот сопственик и на неговиот брачен другар и децата, во целина или делумно, ако овие лица не се социјално осигурени и ако ги издржувал поранешниот сопственик.

3. По смртта на поранешниот сопственик, аконтација може да му се определи на неговиот брачен другар, децата и родителите ако тие ги исполнуваат условите од точката 1 на оваа одлука и ако ги издржувал поранешниот сопственик.

На децата на поранешниот сопственик може да им се определи аконтација без оглед на способноста за работата додека се на редовно школување.

4. Како аконтација на име надоместок за национализираниот имот може да се одобри и исплата на трошоците за закоп, во целина или делумно, на поранешниот сопственик, како и на лицата од точката 3 на оваа одлука, ако овие лица не биле социјално осигурени и ако ги издржувал поранешниот сопственик.

5. Под условите од точката 1 на оваа одлука може да им се определи исплата на аконтација на име надоместок и на поранешните сопственици што своите претпријатија пред влегувањето во сила на Законот за национализација на приватните стопански претпријатија со договор ги пренесле во општонародниот имот, ако таквите претпријатија би биле национализирани да не беа пренесени во општонародниот имот.

Проценувањето на вредноста на имотот на национализираните претпријатија ќе се изврши според точката 6 на оваа одлука, ако порано не било извршено проценување.

6. Вкупниот износ до кој може да се исплатуваат аконтациите ќе се определи по слободна оценка на секој конкретен случај, во границите на утврдената чиста актива и готовина затечена во претпријатието или банката.

Како вредност на национализираниот имот ќе се земе вредноста утврдена со решението на надлежниот суд.

Ако вредноста на национализираниот имот не е утврдена со правосилно решение на надлежниот суд, во постапката за определување аконтација можат да се користат податоците за проценка што се наоѓаат во списите на национализацијата (извештај односно предлог од стручната комисија при окружниот суд за вредноста на чистата актива, проценка на вредноста на национализираниот имот извршена од други органи), ако е проценката извршена според начелата за утврдување вредноста на национализираниот имот предвидени во Уредбата за постапката за процена вредноста и утврдување накнадата за национализираниот имот.

Ако постапката за проценување според Уредбата за постапката за процена вредноста и утврдување накнадата за национализираниот имот не е завршена, а не може да се постапи во смисла на ставот 3 од оваа точка, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сојузен буџет и општа управа може да побара проценувањето според начелата од наведената уредба да го изврши посебна комисија на општинскиот народен одбор на чие подрачје се наоѓал национализираниот имот.

Во текот на спроведувањето на постапката за проценување според ставот 4 на оваа точка, на поранешниот сопственик односно лицето што бара аконтација мора да му се даде можност да учествува во постапката.

7. Аконтација според оваа одлука може да им се определи само на југословенски државјани што живеат во Југославија.

8. Решенијата за определување аконтација ги донесува Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сојузен буџет и општа управа по претходно прибавено мислење од советот на општинскиот народен одбор надлежен за работите на социјалната заштита на чие подрачје лицето што бара аконтација има живеалиште.

Решенијата од ставот 1 на оваа точка се донесуваат по слободна оценка.

9. Аконтацијата се исплатува во готови пари.

Средствата потребни за исплата на аконтацијата се обезбедуваат во сојузниот буџет.

10. Лицето на кое му е определена аконтација е должно на органот што ја исплатува аконтацијата да му ја пријави секоја промена во поглед на имотната и здравствената состојба која би можела да влијае врз исплатата на аконтацијата. Пријавата треба да се поднесе во рок од 15 дена од денот на настанатата промена.

На лицето што во рокот од ставот 1 на оваа точка не ќе ја пријави настанатата промена може органот што ја врши исплатата на аконтацијата да му го запре исплатувањето на аконтацијата без

оглед на имотната и здравствената состојба на тоа лице.

11. Ако имотните или здравствените околности на лицето што прима аконтација така се изменат што повеќе да не постојат услови за давање аконтација, односно не во височината од точката 1 став 2 на оваа одлука, аконтацијата се укинува односно се намалува.

12. Начинот за исплатување на аконтацијата и органите што ќе ги исплатуваат аконтациите ги определува Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сојузен буџет и општа управа, кој ќе донесе, по потреба, и поблиски прописи за спроведување на оваа одлука.

13. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за исплата на аконтација на бившите сопственици на национализирани стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57).

14. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 24
22 јануари 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р. Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

66.

Врз основа на членот 73 став 4 од Законот за органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/56), во согласност со Сојузниот извршен совет, сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА СЛУЖБАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИМОТОТ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ

I. Основни одредби

Член 1

Службата за обезбедување имотот на стопанските организации и установи (во понатамошниот текст: службата за обезбедување), што се формира во стопанските организации и установи, врши работи и се организира според одредбите на овој правилник.

Член 2

Службата за обезбедување ги врши работите во врска со заштитата и чувањето на зградите, постројките, уредите, алатот, суровините и другиот имот на стопанските организации и установи од уништување, оштетување, кражби и други видови причинување штета.

Член 3

Службата за обезбедување се организира во стопанските организации и установи во кои поради посебни услови на нивното сместување и работа или поради други причини постои потреба да се организира посебна служба за заштита и чување на имотот што им е даден на користење.

Две или повеќе стопански организации односно установи можат да формираат заедничка служба за обезбедување.

Член 4

Работите на службата за обезбедување во стопанските организации и установи ги вршат определени лица што ги назначува стопанската организација односно установа.

Член 5

Финансиските и други средства потребни за вршење на работите на службата за обезбедување ги осигурува стопанската организација односно установа од која е организирана службата за обезбедување.

II. Организација

Член 6

Службата за обезбедување непосредно ја вршат чувари и вратари (во понатамошниот текст: чувари).

Бројот на чуварите се определува според големината и вредноста на зградата и другиот имот што се обезбедува, како и според сложеноста на задачите на службата за обезбедување на стопанската организација односно установа.

Член 7

Ако за вршење на работите на службата за обезбедување се предвидени помалку од 10 чувари, службата за обезбедување ја раководи определен службеник на стопанската организација односно установа.

Ако за вршење на работите на службата за обезбедување се предвидени 10 или повеќе чувари, стопанската организација односно установа е должна да назначи раководител на службата за обезбедување.

Определениот службеник односно раководител на службата за обезбедување непосредно ги раководи сите работи на службата за обезбедување.

Член 8

Ако служба за обезбедување вршат вон редовното работно време на стопанската организација односно установа двајца или повеќе чувари, должноста на раководител на службата за обезбедување во тоа време ја врши дежурниот што од редот на чуварите ќе го определи раководителот на службата за обезбедување.

Член 9

Стопанските организации и установи што имаат организирано служба за обезбедување се должни да изработат план за обезбедување.

Планот за обезбедување мора да содржи опис на зградите и другиот имот што се обезбедува, начин и време за вршење на службата за обезбедување, број на чуварите потребен за вршење на работите на службата за обезбедување, должности на чуварот на секое одделно место за обезбедување, назначување видот на оружјето, опремата и другите технички средства со кои се снабдени чуварите за време на вршењето на службата, како и траење на одделни смени и начин за сменување на чуварите.

Планот за обезбедување го потврдува органот на управата на околискиот народен одбор надлежен за внатрешните работи.

Член 10

Чуварите можат да бидат вооружени со пушки, а по исклучок и со пиштоли.

На кој начин ќе бидат вооружени чуварите одлучува управниот одбор на стопанската организација односно установа во согласност со органот на управата на околискиот народен одбор надлежен за внатрешните работи.

Чуварите смеат да го носат и да го употребат оружјето само за време на вршењето на службата и не смеат да го изнесуваат оружјето надвор од подрачјето кое се обезбедува.

Оружјето, кога чуварите не го носат во смисла на ставот 3 од овој член, се држи и се чува на определено место, така што до него да не можат да дојдат други лица.

Член 11

Чуварите можат да бидат униформирани за време на вршењето на службата за обезбедување.

Униформата ја пропишува стопанската организација односно установа од која е организирана службата за обезбедување.

Униформата на чуварите не може да биде во боја на униформата на Југословенската народна армија или на Народната милиција, а ознаките на таа униформа не смеаат да им бидат слични на ознаките на наведените униформи.

III. Овластувања и должности

Член 12

Службата за обезбедување ги врши особено следните работи:

1) ги чува и ги обезбедува зградите, постројките и другиот имот на стопанската организација односно установа;

2) ги открива и ги спречува појавите што можат да ги загрозат животите на луѓето или да му нане-

сат штета на имотот на стопанската организација односно установа;

3) им го спречува пристапот на неповиканите лица кон зградите, постројките и другиот имот кој се обезбедува;

4) ги открива кривичните дела и ги фаќа нивните извршители на подрачјето кое се обезбедува;

5) презема потребни мерки за да се зачуваат трагите на извршените кривични дела, предметите на кои или со помошта на кои е извршено кривично дело и другите докази;

6) води книга на дежурствата, со потребните податоци;

7) презема и други мерки потребни за обезбедување на имотот и спречување на нарушувањето на редот и мирот на подрачјето кое се обезбедува.

Член 13

Чуварот е должен:

1) да го познава начинот на вршењето на службата за обезбедување и должностите пропишани за местото на кое го врши обезбедувањето;

2) да доаѓа уредно на должност, да ја врши совесно службата за обезбедување и да ги презема мерките за чие вршење е овластен;

3) да знае да ракува со оружјето и со други технички средства со кои се врши обезбедувањето;

4) да не го напушта местото на кое ја врши службата за обезбедување додека не биде заменет со друг чувар од страна на лицето што е овластено за тоа, макар тоа да биде сврзано и со опасноста по животот;

5) при предавањето на должноста да го запознае чуварот кому ја предава должноста со сите настани што се случиле додека тој бил на должноста, а кои се од интерес за службата за обезбедување;

6) да врши други работи на службата за обезбедување што ќе му ги стави во задача раководителот на службата за обезбедување.

Член 14

Раководителот на службата за обезбедување е должен:

1) да ги распоредува чуварите на одделни места за обезбедување и да ја надзира нивната работа;

2) да се грижи за стручното образование на чуварите;

3) да се грижи за чувањето и правилната употреба на оружјето, опремата и другите технички средства потребни при вршењето на службата за обезбедување и да предлага нивна набавка;

4) за сите настани и појави што можат да бидат од влијание врз безбедноста на луѓето или имотот да го извести директорот на стопанската организација односно установа или лицето што тој ќе го определи.

Член 15

Дежурниот чувар (член 8) е должен за време на дежурството да го надзира вршењето на службата за обезбедување и може да ги презема сите заштитни мерки за кои е овластен раководителот на службата за обезбедување.

Дежурниот чувар е должен за сите настани и појави што ќе се случат за време на неговото дежурство а кои можат да бидат од влијание врз безбедноста на луѓето или имотот да го извести раководителот на службата за обезбедување.

Член 16

Покрај должностите од членот 13 на овој правилник, вратарите се должни да ги контролираат лицата што доаѓаат во стопанската организација односно установа и да го спречуваат противправното изнесување на имотот на стопанската организација односно установа.

Контролата на лицата што доаѓаат во стопанската организација односно установа вратарите ја вршат на начинот утврден со правилата на стопанската организација односно установа.

Член 17

Чуварите се должни да ги извршуваат наредбите кои заради вршење на работите на службата за обезбедување им ги издаваат надлежните органи на внатрешните работи во рамките на својата надлежност.

Чуварите се должни да соработуваат со органите на службата за цивилна заштита на работите за обезбедување на имотот од пожар и елементарни непогоди.

Член 18

Чуварите се должни да го известуваат надлежниот орган на Народната милиција за случаите во кои бил загрозен животот на луѓето или безбедноста на имотот на стопанската организација односно установа, или во кои постои сомневање дека е извршено кривично дело кое се гони по службена должност, како и за случаите во кои во вршењето на службата за обезбедување е употребено оружје.

Член 19

Чуварот има право да ги легитимира непознатите лица што ќе се најдат на подрачјето на кое тој ја врши службата за обезбедување, да ги легитимира и претресе непознатите лица што ќе ги затекне на местото каде што е забранет пристапот, да ги претресе превозните средства при влегувањето и излегувањето од стопанската организација односно установа, како и да презема и други мерки потребни за заштита на имотот што му е доверен на чување и за зачувување на редот.

Член 20

Чуварот има право да го употреби оружјето само ако е потребно да отстрани од себе потежок физички напад, или да спречи обид на напад што го загрозува неговиот живот, или да отстрани напад врз имотот што му е доверен на чување.

Пред да го употреби оружјето, чуварот е должен да го предупреди напаѓачот дека, ако не престане со нападот, ќе го употреби оружјето. При употребата на оружјето чуварот мора да внимава да не повреди други лица.

Член 21

Чуварите одговараат за својата работа пред стопанската организација односно установа со која се во работен однос.

IV. Услови за прием на чувари во службата за обезбедување

Член 22

Покрај општите услови за засновување работен однос, определени со членот 128 од Законот за работните односи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61), лицето што засновува работен однос заради вршење на службата за обезбедување мора:

1) да го има отслужено воениот рок;

2) да не е осудувано за кривично дело против народот и државата или за кривично дело против службената должност, извршено со смисленост, или за кое и да е друго кривично дело сторено од користољубје;

3) да ги исполнува условите потребни за добивање дозвола за држење и носење оружје.

Стопанската организација односно установа може со своите правила да предвиди и посебни здравствени услови за прием на лица во службата за обезбедување.

V. Казнени одредби

Член 23

Со парична казна до 100.000 динари ќе се казни за прекршок стопанската организација односно установа:

1) ако не организира служба за обезбедување на начинот определен со овој правилник;

2) ако не донесе план за обезбедување и не му го достави на потврда на надлежниот орган на внатрешните работи;

3) ако го даде оружјето на употреба и ракување противно на одредбите од овој правилник.

Член 24

Со парична казна до 50.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во стопанската организација односно установа што не ќе ги преземе

потребните мерки заради организирање и правилно функционирање на службата за обезбедување.

VI. Завршна одредба

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 8638
29 декември 1962 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
Светислав Стефановиќ, с. р.

67.

Врз основа на членот 23 став 2 точка 3 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62) во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сообраќај и врски, сојузниот Државен секретаријат за надворешна трговија пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПОТРЕБНА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ НА СТОКИ И ПАТНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за техничката опрема на стопанските организации потребна за вршење работи на меѓународен транспорт на стоки и патници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62 и 46/62) по членот 11 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Стопанската организација од ставот 1 на овој член може да врши работи на меѓународен поморски транспорт на стоки и во големата крајбрежна пловидба, освен во Црвеното Море, со сопствени бродови кои според важечките прописи се опремени за уредно вршење превоз на стоки во голема крајбрежна пловидба, ако носивоста на одделен брод не преминува 1.500 DWT.

Работите од ставот 2 на овој член стопанската организација може да ги врши и без посебен упис во регистарот за вршење работи на меѓународен поморски транспорт на стоки во големата крајбрежна пловидба."

Член 2

По членот 14а се додава нов оддел 3 со нов член 14б, кои гласат:

„3. Меѓународен речно-поморски транспорт на стоки и патници

Член 14б

Стопанска организација што врши работи на меѓународен речен транспорт на стоки може да врши и работи на меѓународен поморски транспорт на стоки во голема крајбрежна пловидба ако, покрај пловилата и бродовите опремени за вршење меѓународен речен транспорт на стоки, располага и со бродови кои според важечките прописи се опремени за уредно вршење превоз на стоки во поморската голема крајбрежна пловидба, со тоа вкупната носивост на тие пловила и бродови да изнесува најмалку 150.000 тона.

Стопанската организација од ставот 1 на овој член може да врши и меѓународен превоз на патници со бродови од ставот 1 на овој член, ако тие според важечките прописи се опремени и за превоз на патници во голема крајбрежна пловидба."

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

П. бр. 4009
31 јануари 1963 година
Белград

Државен секретар
за надворешна трговија,
Сергеј Крајгер, с. р.

68.

Врз основа на членот 10б од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62, 42/62 и 4/63), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трговија и туризам, сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите издава

НАРЕДБА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ШТО СЕ ЦАРИНАТ СПОРЕД ЕДИНСТВЕНА ЦАРИНСКА НОРМА ОД 40%

1. Според единствена царинска норма од 40% ќе се царинат, во смисла на членот 10б од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа, сите стоки што југословенски државјани и странски државјани со живеалиште во Југославија ги внесуваат при враќањето од патување во странство за потребите на своето домаќинство.

2. По исклучок од точката 1 на оваа наредба, единствената царинска норма од 40% нема да се примени на следните стоки:

1) телевизори;
2) магнетофони;
3) радио-апарати;
4) хармоники;
5) пушки;
6) цигарет-папир;
7) кремени за запалки;
8) крзно.

3. Оваа наредба влегува во сила на 7 февруари 1963 година.

Бр. 2137/1
1 февруари 1963 година
Белград

Државен секретар
за работите на финансиите,
Киро Глигоров, с. р.

69.

Врз основа на членот 199 од Законот за буџетите и финасирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/59, 23/61, 52/61 и 23/62) и членот 12 од Законот за сојузните органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56, 44/60 и 22/62), сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите пропишува

УПАТСТВО

ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА САМОСТОЈНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 1962 ГОДИНА

I. УВОДНА ОДРЕДБА

1. Одредбите од ова упатство се однесуваат на сите самостојни установи што не го утврдуваат и не го расподелуваат вкупниот приход и доход на начинот на кој се утврдува и се расподелува вкупниот приход и доход според прописите што важат за стопанските организации (во понатамошниот текст: установите), без оглед на тоа кој ги основал.

II. ИЗРАБОТКА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА

1. Установите што не ги водат своите деловни книги според начелата на двојното книговодство

2. Завршната сметка на установата што не ги води деловните книги според начелата на двојното книговодство содржи:

1) преглед на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите според финансискиот план за 1962 година;

2) преглед на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на фондовите во 1962 година;

3) преглед на побарувањата и обврските на 31 декември 1962 година;

4) попис на целокупниот имот на обрасците П-1 и П-2 од Упатството за водење евиденција за имотот со кој управуваат државни органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/61);

5) извештај за работењето на установата во 1962 година;

6) записник од седницата на органот на општественото управување на установата на која е разгледувана завршната сметка;

7) одлука со која органот на општественото управување на установата ја донесол завршната сметка и го распоредил вишокот на приходите во фондовите, и со која го определил начинот на кој се покрива загубата — ако постои загуба. Ако загубата ја покрива основувачот делумно или во целина, потребна е негова согласност;

8) преглед на личните расходи со пресметка на придонесите.

3. Прегледот на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите според финансискиот план за 1962 година се изработува според класификацијата на приходите и расходите, и тоа:

1) за установите според Упатството за евиденцијата и извршувањето на финансиските планови на самостојните установи и фондовите на политичкотериторијалните единици („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/60);

2) за установите од областа на школството според Упатството за класификацијата на приходите и расходите и евиденцијата за извршувањето на финансискиот план на училиштата и другите установи за образование и воспитување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/61).

Прегледот на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите според финансискиот план за 1962 година се составува со состојбата на 31 декември 1962 година во две колони, и тоа:

1) приходите во колоните: „Предвидено" и „Остварено";

2) расходите во колоните: „Предвидено" и „Извршено".

Во колоната: „Предвидено" се внесуваат податоци и за приходите и за расходите од одобрениот финансиски план за 1962 година, односно ако финансискиот план го менувал органот на општественото управување во текот на 1962 година — се внесуваат податоците утврдени со последната измена.

Во прегледот на остварувањето на приходите треба да се искажат и остварените приходи што не биле предвидени со финансискиот план за 1962 година. Овие приходи се искажуваат во позицијата: „Непредвидени приходи" само во колоната: „Остварено".

Прегледот на вкупното остварување на приходите и извршувањето на расходите според финансискиот план мора да биде усогласен со состојбата според евиденцијата на филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која се водат средствата на установата. Ова го потврдува односната филијала на Народната банка на самиот преглед на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите според финансискиот план пред поднесувањето на завршната сметка

4. Прегледот на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на фондовите за секој фонд посебно треба да содржи податоци за остварувањето на приходите и извршувањето на расходите со состојбата на 31 декември 1962 година.

Состојбата на вкупните средства на одделни фондови искажана во прегледот на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите мора да биде усогласена со состојбата на средствата според евиденцијата на филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која се водат средствата на фондовите. Ова го потврдува односната филијала на Народната банка на самиот преглед на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на фондовите на установата пред поднесувањето на завршната сметка.

5. Прегледот на побарувањата и обврските на установата содржи попис на сите побарувања и обврски со состојбата на 31 декември 1962 година, со следните податоци:

1) име (назив) на должникот односно доверителот;

2) основ на настанувањето на побарувањето односно обврската;

3) износ на побарувањето односно долгот;

4) рок на стасаноста за наплата на побарувањето односно за исплата на долгот;

5) образложение зошто не е извршена наплатата односно зошто не е ликвидирана обврската и што е преземено за наплата на побарувањето односно за ликвидирање на обврската.

6. Кон пописот на имотот се приложува и одлуката на органот на општественото управување за вишокот односно кусокот на имотот утврден при пописот.

7. Извештајот за работењето на установата се состои од општ дел, посебен (стручен) дел и заклучок.

Општиот дел на извештајот за работењето на установата треба да содржи: општи податоци за установата, кога е основана установата и со чие решение, вид на дејноста, податоци за бројот на работниците и службениците, податоци за прегледите на работењето на установата извршени од надлежните органи на општествената контрола, и друго.

Посебниот (стручниот) дел на извештајот за работењето на установата треба да содржи преглед и анализа на целокупното работење на установата, како и анализа на постигнатиот резултат. Во врска со тоа, треба да се оцени дали финансиските средства предвидени според финансискиот план биле во согласност со обемот на задачите што ги извршила установата во изминатата година. Покрај оцената за работењето во изминатата година, овој дел на извештајот треба да ги опфати и мерките преземани за отстранување на негативните појави. Во овој дел на извештајот се наведуваат и проблемите што се јавувале во текот на годината, а кои за установата биле од суштествен интерес, како и дали овие проблеми се расправувани на седниците на органот на општественото управување и како се решени.

Посебниот дел на извештајот треба особено да опфати податоци:

1) за управувањето со основните средства, за промените во основните средства и за нивното користење, како и за мерките за нивното обезбедување;

2) за инвестициите, завршени и незавршени;

3) за состојбата и движењето на фондовите на установата;

4) за употребата на обртните средства (особено во врска со залихите на материјали, недовршеното производство, залихите на стоки, состојбата на купувачите и добавувачите, како и со состојбата на кредитите кај банката);

5) за извршувањето на планот на дејностите и за реализацијата на стоките и услугите;

6) за движењето на трошоците на производството и услугите;

7) за остварените лични примања на работниците и службениците.

Во заклучокот на извештајот за работењето треба посебно да се изнесат сите факти што биле од влијание врз економичноста во работењето, при што е особено потребно задржување на одлуките на органот на општественото управување на установата донесени во текот на годината во врска со тие фактори.

8. Установата што добила наменска дотација на средства од политичкотериторијалната единица е должна во својот извештај да даде детално образложение на користењето на дотацијата, наведувајќи ја височината на износот на дотацијата, за кои

цели е одобрена дотацијата, дали е потрошена во потполност или делумно, дали задачата за која е одобрена дотацијата е извршена и во која мера, како е постапено со непотрошените износи на дотацијата, и друго.

9. Во прегледот на расходите треба за личните расходи да се искаже одвоено дали се:

1) од редовен работен однос;

2) од привремен работен однос;

3) од дополнителен работен однос;

4) по основот на теренски додатоци или надоместоци за одвоен живот.

За личните расходи под 1 до 4 на ставот 1 од оваа точка треба да се искаже вкупната основица за пресметување на придонесите, нормата по која е извршено пресметувањето, пресметаниот износ на придонесите и уплатениот износ на придонесите, и тоа посебно за секој вид придонеси.

2. Установите што ги водат своите деловни книги според начелата на двојното книговодство

10. Завршната сметка на установата што ги води деловните книги според начелата на двојното книговодство содржи:

1) биланс на 31 декември 1962 година, со сите прилози со кои се објаснуваат одделни позиции на билансот;

2) заклучен лист на 31 декември 1962 година;

3) преглед на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите според финансискиот план за 1962 година;

4) преглед на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на фондовите;

5) рекапитулација на пописот на материјалните вредности на 31 декември 1962 година;

6) преглед на обврските спрема буџетите и фондовите;

7) преглед на личните расходи, со пресметка на придонесите;

8) извештај за работењето на установата во 1962 година;

9) записник од седницата на органот на општественото управување на која е разгледувана завршната сметка;

10) одлука со која органот на општественото управување на установата ја донесол завршната сметка и го распоредил вишокот на приходите во фондовите, и со која го определил начинот на кој се покрива загубата — ако постои загуба. Ако загубата ја покрива основувачот делумно или во целина, потребна е негова согласност.

Податоците во завршната сметка на установата под 1, 2, 5 и 6 на ставот 1 од оваа точка се искажуваат на обрасците бр. 1, 2, 3 и 6 од Правилникот за извршување на Уредбата за завршната сметка на стопанските организации за 1962 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/63), а на начинот пропишан со чл. 25, 26, 27 и 30 на тој правилник.

Податоците под 3, 4 и 7 на ставот 1 од оваа точка се искажуваат на начинот пропишан во точ. 3, 4 и 9 на ова упатство.

Овие установи го составуваат извештајот за работењето според одредбите од точката 7 на ова упатство.

Како прилог кон билансот се поднесува преглед на побарувањата и обврските составен на начинот пропишан во точката 5 од ова упатство.

3. Установите што ја вршат својата дејност и задачи врз основа на договор

11. Установите што ја вршат својата дејност и задачи врз основа на склучени договори и на тој начин остваруваат средства од буџетите или фондовите, во посебниот (стручниот) дел на извештајот даваат анализа со осврт врз таквото работење, како во поглед на остварувањето на тие средства, така и во поглед на извршувањето на преземените обврски по основот на договорот. Во тој дел на извештајот треба да се истакне дали договорните страни формирале комисија која е должна да го цени извршувањето на обврските од договорот. Извештајот на комисијата треба да се приложи кон завршната сметка.

Ако вишокот на приходите произлегува од неизвршени договорени работи, установата е должна при распоредот на овие средства да ги пренесе како приход во финансискиот план за 1963 година сите тие средства и не може да ги распореди во фондовите на установата.

12. Службата на општественото книговодство е должна при прегледот на завршната сметка да испита дали договорените обврски се извршени во поглед на обезбедувањето на средствата и во поглед на извршувањето на работите и задачите.

Службата на општественото книговодство треба посебно внимание да обрне на тоа дали вишокот на приходите, ако установата ја завршила 1962 година со позитивен резултат, резултира од неизвршени обврски односно неизвршени работи и задачи, или од постигнати заштеди и други фактори.

III. ДОСТАВУВАЊЕ И ПРЕГЛЕД НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА

13. Установите ја доставуваат завршната сметка до филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство на чие подрачје е седиштето на установата — до 28 февруари 1963 година. Истовремено завршната сметка установата ја доставува до органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на финансиите и до органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на буџетот. Ако надзорот над законитоста на финансиското работење на установата го врши органот на политичкотериторијалната единица од повисок степен, установата ја доставува завршната сметка до споменатите органи на управата на таа политичкотериторијална единица. Установата ја доставува завршната сметка и до органот на политичкотериторијалната единица кој врши надзор над законитоста на финансиското работење на таа установа.

Установите од областа на нуклеарните истражувања се должни да доставаат еден примерок од завршната сметка и до Сојузната комисија за нуклеарна енергија.

Филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство е должна да ѝ издаде потврда за приемот на завршната сметка на установата од која ја примила завршната сметка.

14. Службата на општественото книговодство врши во смисла на членот 46 од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62) преглед на завршната сметка на установите за 1962 година и донесува решенија за завршната сметка.

Ако Службата на општественото книговодство не може да донесе решение за завршната сметка поради недостиг на податоци или затоа што податоците не можела да ги провери, ќе ја повика установата да поднесе потребни податоци односно да ја утврди веродостојноста на порано поднесените податоци, и тоа во рокот што ќе го определи таа Служба, а кој не може да биде пократок од 3 ниту подолг од 30 дена.

Службата на општественото книговодство ќе го извести органот на управата надлежен за работите на финансиите од точката 13 на ова упатство за денот на прегледот на завршната сметка на установата, како и Сојузната комисија за нуклеарна енергија за денот на прегледот на завршната сметка на установите од областа на нуклеарното истражување.

Службата на општественото книговодство е должна да го достави решението за завршната сметка: до установата — во рок од 3 дена од денот на донесувањето, до банката кај која се води жиро-

сметката на установата и до органите на управата од точката 13 на ова упатство.

15. Неподнесувањето на завршната сметка во определениот рок од страна на установата и одговорното лице во неа повлекува одговорност според одредбите од членот 77 став 1 точка 2 и став 2 од Законот за општественото книговодство.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

16. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 5—2021
29 јануари 1963 година
Белград

Државен секретар
за работите на финансиите,
Киро Глигоров, с. р.

70.

Врз основа на членот 20 од Законот за административните такси („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/59, 23/61 и 53/62), членот 9 од Правилникот за извршување на Законот за административните такси („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/60 и 24/61) и членот 43 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62 и 11/62), сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ПРОДАЖБА НА ТАКСЕНИ И ДАНОЧНИ ВРЕДНОСНИЦИ ПРЕКУ ПОШТИ

1. Таксени и даночни вредносници (таксени марки, судски таксени марки, сточни пасоши и менични бланкети) можат да продаваат на мало, покрај овластените продавачи на мало од Решението за начинот на продажба на таксени и даночни вредносници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/51), и претпријатијата на поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај преку своите основни единици (пошти).

2. Претпријатијата на поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај, како продавачи на мало на таксени и даночни вредносници, ги имаат истите права и должности како и другите малопродавачи на тие вредносници.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 13-10508/9-62
23 јануари 1963 година
Белград

Го заменува
државниот секретар
за работите на финансиите
државен потсекретар,
Јосип Колар, с. р.

71.

Врз основа на членот 17 од Законот за општествената контрола на цените („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/62) и членот 18 од Уредбата за Сојузниот завод за цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/62), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општи стопански работи издава

НАРЕДБА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ЗА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ПОКАЧУВААТ ЦЕНИТЕ

1. Производителните организации не можат да ги покачуваат постојните продажни цени за следните производи односно групи производи:

1) сол морска и варена;
2) садови од стакло, керамика, порцелан, емајлирано, поцинкувано, од алуминиум;
3) керамика за градежништвото;
4) санитарна керамика;
5) печки и шпорети за дрво и јаглен;
6) радијатори за греење;
7) термички електрични апарати (електрични шпорети, греалки, бојлери и др.);
8) други електрични апарати за домаќинство (смукачи, пегли и др.);
9) вештачки ѓубриња;
10) средства за заштита на растенијата;
11) намештај од дрво или метал;
12) амбалажа од дрво;
13) хартија од сите видови;
14) сите видови картон и лепенка;
15) сите видови предива, освен предивата од кадела, лен, јута, сисал, манила и кокос;
16) ткаенини волнени, памучни, од цел-влакно, од синтетички предива и од вештачка свила;
17) какао-производи;
18) преработки од месо.

2. Како постојни продажни цени, во смисла на точката 1 од оваа наредба, се подразбираат цените по кои производителните организации ги продавале односните производи до денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

3. Цените за производите од точката 1 на оваа наредба не можат да се покачуваат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа наредба, ако во тој рок не се определи поинаку.

4. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 147/1
1 февруари 1963 година
Белград,

Го заменува секретарот
за општи стопански работи
државен потсекретар,
Хакија Поздерац, с. р.

72.

Врз основа на членот 4 став 2 од Уредбата за Сојузниот завод за цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/62), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општи стопански работи издава

НАРЕДБА
ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ ОПФАЌААТ СО КОНТРОЛАТА НА ЦЕНИТЕ

1. Во Наредбата за определување на одделни производи што се опфаќаат со контролата на цените („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/63) во точката 1 на крајот од одредбата под 3 точката се заменува со запирка, и по тоа се додаваат нови одредби под 4, 5 и 6, кои гласат:

„4) оков, прибор и брави за градежна столарија,
5) натрон-хартија,
6) ломпспак."

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 146/1
1 февруари 1963 година
Белград

Го заменува секретарот
за општи стопански работи
државен потсекретар,
Хакија Поздерац, с. р.

73.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА МЕРЕЊЕ ВИСОКИ НАПОНИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува следниот југословенски стандард:

Мерење напони со сферно искриште — — — — — — — — — JUS N.A5.510

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јуни 1963 година.

Бр. 16-386
21 јануари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

74.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА КАБЛИ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

1. Престанува да важи југословенскиот стандард:

Разводен инсталационен кабел за внатрешно положување со изолација и плашт со PVC-маса, TR 40 — — JUS N.C4.240 донесен со Решението за југословенските стандарди за електрични спроводници изолирани со поливинил маса („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/55).

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение престанува да важи на 31 мај 1963 година.

3. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува нов југословенски стандард, издание 1963 година, со следниот наслов и ознака:

Разводен инсталационен кабел со изолација и обвивка од PVC-маса, TR 40 — — — — — — — — JUS N.C4.240

4. Југословенскиот стандард од точката 3 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

5. Југословенскиот стандард од точката 3 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јуни 1963 година.

Бр. 23-389
21 јануари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

75.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА РАДИО-ДИФУЗИЈАТА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Сузбивање на радио-пречките од електричните уреди, машини и постројки — — — — — — — — JUS N.N0.900

Апаратура за мерење радио-пречки во подрачје од 100 kHz до 300 MHz — — — — — — — JUS N.N0.903

Упатство за мерење напонот на радио-пречките — — — — — JUS N.N0.904

Упатство за мерење полето на радио-пречките — — — — — JUS N.N0.905

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јуни 1963 година.

Бр. 23-387
21 јануари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

76.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Монтажен кабел со изолација и обвивка од PVC-маса, за централи — TC 40 и TC 41 — — — — — — JUS N.C4.140

Самоносив телефонски кабел со изолација од полиетилен и со обвивка од PVC-маса, TK 33 — — — — JUS N.C4.333

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард JUS N.C4.140 од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јуни 1963 година.

4. Југословенскиот стандард JUS N.C4.333 од точката 1 на ова решение се применува од 1 јуни 1963 година.

Бр. 23-388
21 јануари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

77.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРЕРАБОТКАТА НА НАФТА И НА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД НАФТА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Маст за високи температури, брикетна — — — — — — — —	JUS B.H3.547
Лежишна маст, особено мека —	JUS B.H3.551
Лежишна маст, мошне мека —	JUS B.H3.552
Лежишна маст, мека — — —	JUS B.H3.553
Лежишна маст, средна — — —	JUS B.H3.554
Лежишна маст, тврда — — —	JUS B.H3.555
Методи за испитување на производите од нафта. Испитување на лежишните масти — — — — —	JUS B.H8.237

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 април 1963 година.

Бр. 08-523
24 јануари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

78.

Врз основа на членот 3 точка 3 и членот 21 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот завод за статистика („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57 и 12/60), во врска со точката 2 под 3 од Одлуката за планот на статистичките истражувања за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/62), Сојузниот завод за статистика донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ РЕДОВНА МЕСЕЧНА ИЗВЕШТАЈНА СЛУЖБА ЗА НЕТО-ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И ЗАПОСЛЕНИОТ ПЕРСОНАЛ

1. Сојузниот завод за статистика организира редовна месечна извештајна служба за нето-личните доходи и запосленото персонал со цел за обезбедување податоци за движењето на просечните нетолични доходи, за искористувањето на работното време и за запосленоста.

2. Редовната месечна извештајна служба ги опфаќа сите организации на општественото сектор на територијата на Југославија (во понатамошниот текст: организациите).

3. Со подготвителните работи, организацијата и спроведувањето на редовната месечна извештајна служба раководат Сојузниот завод за статистика, републичките заводи за статистика и околиските заводи за статистика.

4. Редовниот месечен извештај го поднесуваат организациите на образецот РАД-1 — Месечен извештај за нето-личните доходи и за запосленото персонал, што го пропишува Сојузниот завод за статистика.

Извештајот од ставот 1 на оваа точка служи само за статистичка обработка.

5. Редовниот месечен извештај од точката 4 на ова решение организациите му го поднесуваат еднаш месечно на надлежниот статистички орган во рокот што тој ќе го определи.

6. Умножувањето на образецот РАД-1 и неговото доставување до установи што не се занимаваат со статистичко истражување, без одобрение од надлежниот статистички орган, е забрането.

7. Ова решение влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 57-239/1
11 јануари 1963 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за статистика,
Анте Новак, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за хигиенско-техничките заштитни мерки при работата со дигалки, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/62, се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИТЕ ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРИ РАБОТАТА СО ДИГАЛКИ

1. Во членот 46 став 1 во втората реченица наместо зборот: „другите" треба да стои зборот: „долгите".

Во членот 72 пред ставот 3, кој станува став 1 на членот 73, треба да стојат зборовите: „Член 73".

2. Во Техничките правила што се отпечатени кон Правилникот за хигиенско-техничките заштитни мерки при работата со дигалки, во членот 9 наместо зборот: „лостот" треба да стои зборот: „подлогата".

Од Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трудот, Белград, 29 јануари 1963 година.

УКАЗИ

Претседателот на Републиката врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

УКАЗ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СЕНЕГАЛ

I

Се назначува

Душан Ристиќ, ополномоштен министер во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Сенегал.

II

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 2
26 јануари 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 6 од Уредбата за Југословенскиот библиографски институт („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/62), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ БИБЛИОГРАФСКИ ИНСТИТУТ

I. За членови на Советот на Југословенскиот библиографски институт што ги именува Сојузниот извршен совет се именуваат, и тоа:

1. Томаш Перовиќ, директор на Југословенскиот центар за научна и техничка документација;

2. Миодраг Стаматовиќ, директор на Југословенската авторска агенција;

3. Мирослав Тержан, на работа во Комисијата за идеолошка работа на ЦК СКЈ;

4. Мирослав Витоловиќ, директор на новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Култура".

II. Во Советот делегираат по еден член републичките совети надлежни за работите на културата и Сојузот на друштвата на библиотекарите на Југославија.

III. Работниот колектив на Институтот избира во Советот три члена од својата средина.

IV. Директорот на Институтот е член на Советот по својата положба.

Б. бр. 6
19 јануари 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **Вељко Зековиќ, с. р.** Потпретседател, **Александар Ранковиќ, с. р.**

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 52 од 29 декември 1962 година објавува:

Уредба за Републичката комисија за преглед на филмови;

Уредба за основување Земјоделски инспекторат;

Одлука за измени и дополненија на Одлуката за воведување заедничка општа служба за републичките органи на управата;

Одлука за утврдување на претсметката на расходите на Републичката комисија за работи на извоз и увоз за периодот октомври—декември 1962 година;

Одлука за продолжување облогот со данок на доход на приходите од згради за даночната 1962 година врз даночната 1963 година;

Одлука за височината на нормата и начинот на расподелбата на придонесот од прометот остварен со продажба на киновлезници;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Радиотелевизија Белград;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Радио — Нови Сад;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Заводот за геолошки и геофизички истражувања во Белград;

Решение за измена и дополнение на Решението за определување на установите што вршат анализи и испитувања според Законот за виното;

Правилник за организацијата и работата на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет на Народното собрание на НРС;

Правилник за извештаите за економско-финансиското работење на здравствените установи;

Упатство за пренесување работите на укинатите окружни судови во Неготин, Нови Пазар, Приепоље и Гњилане врз окружните судови во Зајечар, Крајево, Титово Ужице и Приштина.

СОДРЖИНА:

Страна

63. Одлука за нормите на данокот на доход за 1963 година — — — — — — — — — 81
64. Одлука за процентите на учеството на Општиот инвестиционен фонд во трошоците на инвестициите — — — — — — — — 82
65. Одлука за исплата на аконтација на поранешните сопственици на национализирани претпријатија — — — — — — — — 83
66. Правилник за службата за обезбедување имотот на стопанските организации и установи — — — — — — — — — — — 84
67. Правилник за дополненија на Правилникот за техничката опрема на стопанските организации потребна за вршење работи на меѓународен транспорт на стоки и патници — — — — — — — — — — — 86
68. Наредба за определување на стоките што се царинат според единствена царинска норма од 40% — — — — — — — — — 86
69. Упатство за составување на завршната сметка на самостојните установи за 1962 година — — — — — — — — — — 86
70. Решение за продажба на таксени и даночни вредносници преку пошти — — — 89
71. Наредба за определување на производите за кои не можат да се покачуваат цените 89
72. Наредба за дополнение на Наредбата за определување на одделни производи што се опфаќаат со контролата на цените — 89
73. Решение за југословенскиот стандард за мерење високи напони — — — — — 90
74. Решение за југословенскиот стандард за кабли за телекомуникации — — — — 90
75. Решение за југословенските стандарди од областа на радио-дифузијата — — — 90
76. Решение за југословенските стандарди за телефонски кабли — — — — — — 90
77. Решение за југословенските стандарди од областа на производството и преработката на нафта и на методите за испитување на производите од нафта — — — — — 91
78. Решение за организирање редовна месечна извештајна служба за нето-личните доходи и запослениот персонал — — — 91

Исправка на Правилникот за хигиенско-техничките заштитни мерки при работата со дигалки — — — — — — — — — — 91

Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград